**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.61/04,96/04, 67/07 и 156/09 и 47/11),член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2017 година го усвои,

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2016 ГОДИНА

Февруари 2017

## 1.Вовед

Општина Велес се наоѓа во централниот дел на Република Македонија на површина од 464,5 километра квадратни со 28 населени места и градот Велес , со 14 урбани и 19 месни заедници.

На територијата на Општина Велес живеат 55.108 иљјади жители во 16.959 домаќинства со 20.717 станови (сите видови живеалишта).Од вкупниот број на жители 27.632 се мажи а 27.476 се жени.

Од вкупниот број на жители 46.767 се изјаснети како Македонци или 84,86 %, 2.406 се изјаснети како Бошњаци, 2.299 се изјаснети како Албанци, 1.724 се изјаснети како Турци итн.

Според школската подготовка структурата на целокупното население е следната и тоа со ССС има 20.491, со ВШС 1.553 , со ВСС 2.770 , со Магистратура 40 и со Докторат 7 лица.

.(Агенција за вработување на Р.Македонија)

П Р Е Г Л Е Д на невработени лица со состојба на 31.07.2016 година

| Полова структура на лица кои барат работа | | | |
|---|---|---|---|
| **Центар** | **Маж** | **Жена** | **Вкупно** |
| **Велес** | 2148 | 1498 | **3646** |

На територијата на општина Велес, согласно податоците од Државен завод за статистика со 31.17.2016 година, има вкупно 3646 невработени лица со следната структура по образование и полова структура:

| Ред. | od 15-19 год. | od 20-24 год. | od 25-29 год. | od 30-34год. | od 35-39 год. | od 40-44 год. | od 45-49 god. | od 50-54 год. | od 55-59 год. | 60 год. И повеќе | Вку-пно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **сосотојба 31.07.2016** | 58 | 340 | 410 | 369 | 372 | 343 | 364 | 410 | 491 | 489 | 3646 |




**Активни деловни субјекти по големина, по општини, по години,**

| | состојба 31 декември 2015 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| Велес | 1 793 | 1 322 | 445 | 19 | 7 |

На територијата на општината постојат 1.774 активни деловни субјекти во 2013 и 1847 во 2012 година распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности :

| Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 95 | 117 | 122 | 114 | 112 |
| Рударство и вадење на камен | 4 | 5 | 6 | 5 | 7 |
| Преработувачка индустрија | 198 | 210 | 215 | 197 | 196 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 13 | 13 | 13 | 9 | 7 |
| Градежништво | 65 | 65 | 68 | 58 | 80 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 794 | 755 | 761 | 712 | 671 |
| Транспорт и складирање | 182 | 177 | 168 | 164 | 162 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 78 | 85 | 96 | 99 | 103 |
| Информации и комуникации | 12 | 17 | 18 | 21 | 20 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 4 | 3 | 1 | 3 | 3 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 7 | 7 | 9 | 8 | 10 |
| Стручни, научни и технички дејности | 111 | 123 | 124 | 125 | 156 |
| Административни и помошни услужни дејности | 57 | 17 | 22 | 27 | 26 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 |
| Образование | 32 | 29 | 26 | 31 | 23 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 85 | 88 | 89 | 89 | 87 |
| Уметност, забава и рекреација | 28 | 20 | 22 | 19 | 27 |
| Други услужни дејности | 98 | 90 | 83 | 89 | 99 |
| **Вкупно** | **1866** | **1824** | **1847** | **1774** | **1793** |




Извор: Државен завод за статистика (2015,2013 и 2012)

Од 01.07.2005 година согласно законот за децентрализација Општина Велес ги презеде основачките права на 8 основни, 4 средни и едно музичко училиште, народен музеј, матична библиотека, детска градинка и територијалната

противпожарна единица како установи основани од општината кој се јавуваат како буџетски корисници.

Од 01.09.2007 година Општина Велес премина во втората фаза на децентрализација при што се превзеде целосно финансирањето на локалните установи за материјалните трошоци и платите на вработените лица.

Во текот на 2008 на 74 седница одржана на ден 24.10. превземени се основачките права на ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ но средствата за финансирање на домот сеуште не се трансферираат преку општина Велес.

Капиталните инвестиции за превземените надлежности и понатаму се надлежност на централната власт на Република Македонија.

## 2. Годишна сметка

За обавување на основните функции и преземените надлежности согласно законот за децентрализацијата, Советот на Општина Велес за тековната 2016 година донесе буџет во транспаретна постапка во две фази како нацрт и предлог во износ од **932.590.484** денари по програми согласно буџетско-трезорското работење со следната структура на приходи и расходи:

**Планирани приходи**

Табела 1
во ден

| Планирани приходи по видови | 2015 год. | 2016 год. | соодност 2016/2015 % |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 178.210.000 | 188.220.000 | 105,62 |
| Неданочни приходи | 84.231.669 | 88.745.328 | 105,35 |
| Капитални приходи | 86.896.572 | 100.539.918 | 115,70 |
| Трансфери | 83.367.989 | 124.885.991 | 149,80 |
| Блок дотации | 388.995.143 | 396.101.913 | 101,83 |
| Донации | 41.137.266 | 34.097.334 | 82,89 |
| Кредити | 0 | 0 | 0,00 |
| Вкупно планирани приходи | 862.838.639 | 932.590.484 | 108,08 |







Од погоре дадената табела се забележува дека Вкупно планираните приходи во 2016 година во однос на 2015 година бележат пораст од **8.08 %.**

Порастот на вкупните приходи се должи пред се на зголемувањето на планираните даночни приходи од 5,32% , зголемувањето на планираните неданочни приходи од 5,35% како и порастот на капиталните приходи од 15,70% . Влијание врз порастот на вкупните планирани приходи имаат и блок дотациите кои во 2016 година бележат пораст од 1,83 % во однос на 2015 година..

**Планирани расходи**

Табела 2

во денари

| Планирани расходи по видови | 2015 год. | 2016 год. | соодност 2016/2015 % |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини и Надоместоци | 365.560.236 | 370.063.235 | 101,23 |
| Резерви и недефинирани Расходи | 1.180.000 | 2.680.000 | 227,11 |
| Стоки и услуги | 305.731.118 | 330.730.654 | 108,18 |
| Каматни плаќања | 250.000 | 80.000 | 32,00 |
| Субвенции и Трансфери | 27.145.328 | 25.315.500 | 93.26 |
| Капитални расходи | 157.321.958 | 194.723.537 | 123,77 |
| Социјални бенефиции | 400.000 | 700.000 | 175,00 |
| Отплата на главница | 5.250.000 | 8.297.558 | 158,05 |
| Вкупно планирани расходи | 862.838.639 | 932.590.484 | 108,08 |






И кај вкупно планираните расходи во 2016 година споредено со планираните расходи за 2015 година се забележува пораст од 8,08 % што е ист со порастот на планираните приходи а што е одраз на принципот на буџетска рамнотежа меѓу планираните приходи и расходи.

Кај дел од планираните расходи се бележи зголемување во однос на претходната година односно има зголемувањето кај стоки и услуги од 305 милиони на 330 милиони денари или 8,18 %,како и кај планираните расходи за капиталните расходи кои во 2016 година се планирани на износ од 194.723.537 денари и бележат пораст за 23,77% во однос планираните расходи во 2015 година .

На друга страна зголемување бележат планираните и расходи за плати и надоместоци и тоа од 365 милиони во 2015 на 370 милиони во 2016 година односно зголемување за 1,23 %, .Резервите и недефинираните расходи исто така бележат пораст и тоа од 1.180.000 денари во 2015 на 2.680.000 денари во 2016 година односно пораст од 227,11,% како и социјалните бенефиции кои бележат зголемување од 400.000 во 2015 година на 700.000 денари во 2016 година односно бележат зголемување од 75,00 %.

Врз основа на усвоените програми кој се составен дел на буџетот на Општина Велес е реализирано извршувањето на буџетот како следува:

Табела 3

**Вкупно реализирани приходи** во денари

| Вид на приход | 2015 год | 2016 год | соодноc 2016/2015 % |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 109.928.686 | 113.369.818 | 103,13 |
| Неданочни приходи | 46.842.609 | 43.177.943 | 92,18 |
| Капитални приходи | 55.780.797 | 24.661.409 | 44,21 |
| Трансфери | 53.754.863 | 69.146.610 | 128,63 |
| Блок дотации | 384.165.860 | 388.989.654 | 101,26 |
| Донации | 27.492.879 | 5.217.037 | 18,98 |
| Кредити | 0 | | 0,00 |
| Депозити | 0 | 24.998.824 | 100,00 |
| **Вкупно реализирани приходи** | **677.965.694** | **669.561.295** | **98,76** |






Од погоре дадената табела 3 може да се забележи дека вкупно реализираните приходи во општина Велес за 2016 година изнесуваат 669.561.295 денари и се намалени во однос на реализираните приходи во 2015 година за 1,24 %. Зголемувањето на реализираните приходи во 2016 година во однос на остварените приходи во 2015 година е остварен како резултат на зголемувањето на реализацијата на даночните приходи,трансферите и дотациите.

Табела 4

**Споредба реализирани со планирани приходи**

во денари

| Планирани и реализирани приходи по видови | планирани 2016 год. | реализирани 2016 год | % на остварување |
|---|---|---|---|
| **Даночни приходи** | **188.220.000** | **113.369.818** | **60,23** |
| **Неданочни приходи** | **88.745.328** | **43.177.943** | **48,65** |
| **Капитални приходи** | **100.539.918** | **24.661.409** | **24,53** |
| **Трансфери** | **124.885.991** | **69.146.610** | **55,37** |
| **Блок дотации** | **396.101.913** | **388.989.654** | **98,20** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Донации** | **34.097.334** | **5.217.037** | **15,30** |
| **Кредити** | **0** | **0** | **0,00** |
| **Депозити** | **0** | **24.998.8240** | **100** |
| **Вкупно планирани и реализирани приходи** | **932.590.484** | **669.561.295** | **71,80** |






Соодносот помеѓу планираните и реализираните приходи покажува 71,80% реализација во однос на планираното.

Табела 5

**Вкупно реализирани расходи** во денари

| Остварени расходи по видови | 2015 год. | 2016 год. | соодност 2016/2015 % |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини и надоместоци | 356.016.605 | 357.957.609 | 100,55 |
| Резерви и недефинирани расходи | 1.022.000 | 1.915.000 | 187,38 |
| Стоки и услуги | 192.893.052 | 189.633.141 | 98,31 |
| Субвенции и Трансфери | 24.422.555 | 20.646.587 | 84,54 |
| Капитални расходи | 74.657.144 | 90.397.507 | 121,08 |
| Социјални бенефиции | 376.100 | 571.500 | 151,95 |
| Каматни плаќања | 168.461 | 69.379 | 41,18 |
| Отплата на главница | 5.249.959 | 8.297.558 | 158,05 |
| Вкупно остварени расходи | 654.805.876 | 669.488.281 | 102,24 |







Од погоре дадената табела 5 може да се забележи дека вкупно реализираните расходи во општина Велес за 2016 година изнесуваат 669.488.281 денари и се зголемени во однос на реализираните расходи во 2015 година за 2,24 % , а истите споредени со планираните расходи бележат остварување од 71,79 %.

Позначителен пораст како во процентуално искажување така и во материјалност на вредностите бележат капиталните расходи,социјалните бенефиции како и резервите и недефинираните расходи

Вредно е да се спомене дека реализираните расходи имаат остварување во однос на планираните расходи од 71,79 % и е приближно на исто ниво како и на остварените приходи во однос на планираните приходи кои бележат остварување 69,12 %.

Табела 6
во денари

**Споредба реализирани со планирани расходи**

| Планирани и реализирани расходи по видови | планирани 2016 год. | реализирани 2016 год | % на остварување |
|---|---|---|---|
| **Плати,наемнини и адоместоци** | **370.063.235** | **357.957.609** | **96,73** |
| **Резерви и недефинирани Расходи** | **2.680.000** | **1.915.000** | **71,46** |
| **Стоки и услуги** | **330.730.654** | **189.633.141** | **57,34** |
| **Субвенции и Трансфери** | **25.315.500** | **20.646.587** | **81,56** |
| **Капитални расходи** | **194.723.537** | **90.397.507** | **46,42** |
| **Социјални бенефиции** | **700.000** | **571.500** | **81,64** |
| **Каматни плаќања** | **80.000** | **69.379** | **86,72** |
| **Отплата на главница** | **8.297.558** | **8.297.558** | **100,00** |
| **Вкупно планирани и реализирани расходи** | **932.590.484** | **669.488.281** | **71,79** |







**Парични средства, побарувања , обврски и извори на средства**

Салдото на сметката на буџетот на општината на 31.12.2016 година изнесува **4.293.315,00** ден. Овие средства преставуваат вишок на приходи за пренос во наредната година и се еднакви на вкупно остварената добивка во билансот на успех на буџетот на општината.

Во билансот на состојба со 31.12.2016 год. на име побарувања е искажан износ од **98.258.238,00** денари кој произлегува од:

| **Кумулирани побарувања по разни основи** | Сума | Учество во % |
|---|---|---|
| Побарувања од граѓани – данок на имот | 26.416.194 | 26,88 |
| Побарувања од склучени договори за комуналии | 3.025.259 | 3,08 |
| Побарувања од данок на промет на недвижности | 10.977 | 0,01 |
| Побарувања од данок на наследство и подарок | 68.057 | 0,07 |
| Побарувања од фирми за регистрирана фирма | 58.690.695 | 59,73 |
| Побарувања – такса за користење на музика во локали | 49.130 | 0,05 |
| Побарувања од фирми за користење на ЈПП | 396.765 | 0,40 |
| Други побарувања | 9.601.161 | 9,78 |
| **Вкупно** | **98.258.238** | **100** |






Вкупните обврски на Општина Велес на 31.12.2016 година изнесуваат **108.452.115,00** денари од кои :

- Вкалкулирани плати спрема вработените за декември 2016 - **2.927.875**
- Тековни обврски спрема добавувачи - **105.524.240,00 ден.**

Тековните обврски спрема добавувачите се однесуваат за обврски за потрошена електрична енергија, телефон , вода, извршени градежни работи и сл. за 2016 година.

Заклучно со 31.12 2016 година вредноста на постојаните средства на Општина Велес изнесуваат **896.987.002,00** денари со следната структура:

| **Р.бр** | **Постојани средства на Општина Велес** | **Вредност 2015** | **Вредност 2016** | **Соодност 2016/2015 %** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Нематеријални средства | 4.472.965 | 3.389.454 | 75,78 |
| 2 | Градежни објекти | 192.597.590 | 191.744.561 | 99,55 |
| 3 | Улици, патишта , тротоари и др. објекти | 387.148.353 | 425.001.634 | 109,78 |
| 4 | Опрема | 45.980.298 | 52.244.086 | 113,62 |
| 5 | Материјални средства во подготовка | 196.140.499 | 224.607.267 | 114,51 |
| | **Вкупно** | **826.339.705** | **896.987.002** | **108.5** |


Постојани средства на Општина Велес
450.000.000
400.000.000
350.000.000
300.000.000
250.000.000
200.000.000
150.000.000
100.000.000
50.000.000
0
Нематеријални средства
Градежни објекти
Улици, патишта , тротоари и др. објекти
Опрема
Материјални средства во подготовка
Вредност 2015
Вредност 2016


Вредност 2015
4.472.965; 0%
196.140.499; 24%
192.597.590; 23%
45.980.298; 6%
387.148.353; 47%
Нематеријални средства
Градежни објекти
Улици, патишта , тротоари и др. објекти
Опрема
Материјални средства во подготовка


Вредност 2016
3.389.454; 0%
224.607.267; 25%
191.744.561; 21%
52.244.086; 6%
425.001.634; 48%
Нематеријални средства
Градежни објекти
Улици, патишта , тротоари и др. објекти
Опрема
Материјални средства во подготовка


Постојани средства на Општина Велес
920.000.000
900.000.000
880.000.000
860.000.000
840.000.000
820.000.000
800.000.000
780.000.000
826.339.705
896.987.002
Вредност 2015
Вредност 2016

3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
T- Унапредување на здравствена заштита
V - Социјална заштита –детски градинки
N - Образование
W - Противпожарна заштита

| Програми | Планирано 2016 | Реализирано 2016 | реал/плани 2016 % |
|---|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 15.653.000 | 11.117.286 | 71,02 |
| Социјална заштита | 72.542..630 | 62.893.885 | 86,70 |
| Здравствена заштита | 5.510.000 | 2.044.189 | 37,10 |
| Спорт и рекреација | 16.830.000 | 10.259.744 | 60,96 |
| Култура | 36.817.333 | 25.148.529 | 68,31 |
| Образование | 407.707.461 | 354.328.441 | 86,91 |
| Локален економски развој | 58.856.130 | 28.074.364 | 47,70 |
| Програма за уредување на градежно земјиште | 202.158.000 | 90.305.974 | 44,67 |
| Капитални трошоци на Општината | 12.532.454 | 7.086.677 | 56,55 |
| Општинска администрација | 70.615.818 | 52.824.049 | 74,80 |
| Месна самоуправа | 200.000 | 125.170 | 62,58 |
| Градоначалник | 4.195.100 | 3.474.461 | 82,82 |
| Совет на Општина | 28.972.558 | 21.805.521 | 75,26 |
| **Вкупно** | **932.590.484** | **669.488.281** | **71,79** |



Програми план-реализација
Совет на Општина
21.805.521
Градоначалник
3.474.461
Месна самоуправа
125170
Општинска администрација
52.824.049
Капитални трошоци на Општината
7.086.677
Програма за уредување на градежно земјиште
90.305.974
Локален економски развој
28.074.364
Образование
354.328.441
Култура
25.148.529
Спорт и рекреација
10.259.744
Здравствена заштита
2.044.189
Социјална заштита
62.893.885
Противпожарна заштита
11.117.286
0
100.000.000
200.000.000
300.000.000
400.000.000
500.000.000
Реализирано 2016
Планирано 2016




### 3.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 28.972.558 денари реализирани се 21.805.521 денари односно реализирана е програмата на советот со 75,26 %.

Советот на Општина Велес во 2016 година одржа 16 редовни седници. За работењето на членовите на советот во 2016 година на име надоместоци исплатени се 4.195.789,00 денари, односно 19,24 % од вкупната реализација. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 1.420.000 денари односно 6,51 %.

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста", „Пограма за активностите на општина Велес во областа на меѓународната соработка ", „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот "и „Програма за активностите на општина Велес во областа на социјалната заштита". Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по пооделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

## - ПРОМОЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Основна цел на оваа Програма е промоција на Општина Велес. Една од основните активности на овој план е печатење на соодветен промотивен материјал – плакати, брошури, флаери и друг тип на печатен материјал. Други активности кои се превземаат за промоција на Општината се изработка и емитување на аудио и видео спотови преку кои може да се видат потенцијалите на градот на сите полиња од општествениот живот. Печатениот и рекламниот метеријал во електронска форма најчесто се користат за презентација на саемски манифестации кои се одржуваат во земјава, но и во странство.

Промоција на Општината се прави и преку други форми како објавување на соопштенија, известувања, повици конкурси и сл.

Меѓународната соработка има значајно место во листата на приоритети. Затоа најголем дел од средствата во оваа програма се наманети за престој на странски делегации – гости на општинските настани и манифестации и за учество на Општина Велес на саемски манифестации.

Во 2016 година меѓународната соработка беше реализирана преку повеќе официјални средби на претставници од општината на повеќе нивоа. Така на пример претставници од Општина Велес беа дел од македонската делегација која го посети регионот Алзас во Р. Франција како дел од проектот „Европски вински патишта“ и на „Меѓународните средби на братството“ во градот Шербур. Општина Велес учествуваше на манифестација во градската општина „Мидијана“ која е дел од Ниш, Република Србија, како и на презентацијата на завршениот проект „Енерџинет“ за енергетска ефикасност во градот Лерин соседна Грција. На покана на градоначалникот на Солун, Јанис Бутарис, градоначалникот Славчо Чадиев оствари средба со него на која се разговараше за идна соработка. Општина Велес преку градоначалникот беше претставувбана и на - Конференцијата „Дунавска програма за води“ и Отворениот регионален фонд кои се одржаа во Виена.

Во 2016 година се одржаа и традиционалните посети во збратимените градови Ужице, Самобор, Свиштов, Силистра, Сомор, Новогард, Слобозија, Бига и др. Дел од овие општини го посетија Велес во текот на 2016 година.

Иако не се дел од оваа Програма во прилог на развој на меѓународната соработка се и бројните гостувања на Културно уметничките друштва, Фолклорните ансамбли, драмските уметници, поетите и ликовните уметници од Велес на сите светски меридијани, како и на гостите на „Интернационалниот фолклорен фестивал Велес“, „Фестивалот на античка драма Стоби“ и „Рациновите средби“.

Традиционално како дел од меѓународната соработка кој овозможува промоција на Општина Велес се посетите на дипломатските претставници на повеќе држави од Европа и светот. Во 2016 година Општина Велес беше домаќин на амабасадорите на: Јапонија, Босна и Херцеговина, Холандија и евоамбасадорот на ЕУ во РМ.

Програмата за промоција и комуникација со јавност и меѓународна соработка е димензионирана на 3.780.000 денари, а нејзината реализација е 37,25%.

## ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2016 година беше димензионирана на 1 370 000 денарари.

За учество во реализација на проекти со здруженија на граѓани по доставени предлози, поддршка на програмски активности на граѓански организации и партнерски проекти од Буџетот на Општина Велес се издвоени 595.320 денари од предвидени 500.000 денари или изразено во проценти 118,66% реализираност на програмата.

Во овие средства не спаѓаат средствата што се доделени од Буџетот по програмите со строго дефинирани области – култура, спорт, социјална заштита и здравствена заштита.

Во Програмата на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор за 2016 година се предвидени и средства за финансирање и одржување на објектите на Општина Велес во кои се сместени и делуваат дел од граѓанските организации, како и трошоците за комунални услуги на истите.

Предвидените средства од Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор за учество во партнерски проекти, за отворени денови за идеи на граѓанските организации, одржување на објектите во сопственост на Општина Велес во кои се сместени граѓанските организации се реализирани со помалку од предвидените средства затоа што се реализирани по области од другите порграми на Општина Велес. За пример дел од проектите од Програмата за култура имаа над 100 процентна реализација бидејќи опфатиле и дел од реализацијата на програмата за граѓанскиот сектор.

## 3.2. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 4.195.100 денари во буџетот реализирани се 3.474.461 денари односно 82,82 %.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.295.927 денари односно 37,30 %. Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 495.000 денари или 14,25 % и истите се однесуваат за исплата по основ на смрт на вработен или член на потесно семејство за вработените во општинските установи.За исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општинските јавни институции се исплатени средства во вкупен износ од 1.379.792 денари односно 39,71 % од вкупната реализација. Остатокот од средствата во износ од 303.742 денари односно 8,74 % се исплатени на име патни и дневни трошоци, комунални услуги, комуникации и транспорт.

## 3.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 70.615.818 денари, а се реализирани 52.824.049 денари или 74,80 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 29.932.412 денари односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 56,66 %. За

стоки и услуги (патни и дневни расходи, комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар , тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и привремени вработувања) и субвенции и трансфери се потрошени 22.822.258 ден или 43,20 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација и на име камата се исплатени средства во износ од 69.379 денари.

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 7.086.677 денари или 56,55 % . Најголем дел се реализирани за реконструкција на делови од имотот на Општината и набавка на мебел, опрема и на службени возила.

Во рамки на буџетската програма Е-општинска администрација се реализирани активности на Општина Велес во обласа на развојот на иниформатичката технологија во 2016 година.

**-ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**

Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичкататехнологија (ИТ), во текот на 2016 година беше генерално насочена кон остварување на целите дефинирани во рамки на Стратегијата за информатички и комуникациски технологии, односно планираните проекти и акцискио тплан, како нејзин составен дел. Стратешките цели беа дефинирани во неколку приоритетни области, како што се намалувањето на трошоците во работењето и подобрување на квалитетот на услугите, а главните цели беа поделени во неколку сегменти:

континуирано одржување на целокупната оперативност на информатичко - комуникацискиот систем на општината;

постојано модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење;

креирање на еднонасочки и двонасочни услуги за граѓаните базирани на примена на светските стандарди во оваа област.

Проектни активности

Проектните активности беа во согласност со законските норми и прописи, националните стратегии за ИКТ и локалните стратегии. Во текот на 2016 година реализирани се планираните програмско проектни активности, а направена е и една измена и дополнување на Програмата како резултат на усогласување на износите на планираните проекти со добиените цени на услугите и проекциите за реализација на предвидените активности во текот на 2016 година.

Во прилог следи табела која ја прикажува реализацијата на годишната програма на Одделението за ИТ за 2016 година.

| | Планиран износ | Реализиран износ | Разлика | Процентуална реализација на програма |
|---|---|---|---|---|
| **Програма за ИТ** | **6.500.000** | **2.992.739** | **3.507.261** | **46.04%** |
| Програма за ИТ | Планиран износ | Подпрограма | Реализиран износ | Процентуална реализација на програма |
| 16-Е0.Вклучување во националната рамка за интероперабилност и отворени податоци | 300.000 | Е0 | / | / |
| 16-Е0.Специјалистички обуки | 200.000 | Е0 | 61.738 | 30.87% |
| 16-Е0.Тековно одржување на хардвер и софтвер | 700.000 | Е0 | 452.313 | 64.62% |
| 16-Е0.Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (mkhost / marnet / edusoft / mbs / euronetcom ...) | 600.000 | Е0 | 333.241 | 55.54% |
| 16-ЕА.ГИС - анализа и развој - 1 фаза | 750.000 | ЕА | / | / |
| 16-ЕА.Купување на информартичка опрема | 1.500.000 | ЕА | 905.187 | 60.35% |
| 16-ЕА.Набавка на софтвер и лиценци | 1.000.000 | ЕА | 535.800 | 53.58% |
| 16-ЕА.Надградба и миграција на ИТ систем (инфрастуктура, системи и податоци) - анализа и миграција - 1 фаза | 950.000 | ЕА | 352.230 | 37.08% |
| 16-ЕА.Надградби, адаптација или набавки на апликации од трети лица | 500.000 | ЕА | 352.230 | 70.45% |

Поради застареноста на постојните, беше планирана набавка на нови серверски платформи (хардвер и софтвер), како и миграција и надгрдаба на нови верзии на целиот информатички систем. Во текот на 2016 година, започна процесот на надградба на серверските платформи, како и процесот на миграција и надградба на нови верзии на целиот информатички систем. Набавени се 2 нови сервери, како и лиценци за системски софтвер кој покрива виртуелизација и работа со најнови верзии на бази на податоци.

Во однос на безбедноста на информатичкиот систем во текот на 2016 година, општината набави солидно корпорациско антивирусно решение. Поради секојдневните и нови закани во ИТ светот и во наредниот период континуирано ќе се посвети посебно внимание на оваа тема.

Во 2016 година, започнаа и активности за повторно воведување и надградба на Географско информацискиот систем. Се работи на детална студија со анализа за надградба на постоечкиот ГИС, која ќе биде основа за тендерски постапки во

наредните години. Се работи и на стручно усовршување на службите во оваа област.

Останатите активности се тековни е се однесуваат на континуирано одржување на информатичкиот систем, на хардверско и апликативно ниво.

### 3.4. Г- Локален економски развој

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој за 2016 година беше донесена во транспарентна постапка како и во изминатите години, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства за 2016 година изнесуваа 58.856.130 ден. Од овие средства 10.594.000 денари беа од Буџетот на Општина Велес додека останатите 48.262.130 денари од други домашни и меѓународни институции како поддршка за спроведување на проекти од важност за локалниот економски развој. Програмата на одделението за ЛЕР за 2016 година беше најобемната програма во областа на локалниот економски развој во историјата на општина Велес. Средствата од домашните институции во најголем дел се однесуваат на проектите финансирани од АФПЗРР по аплицираните проекти од 2015 година кои беа поддржани за реализација од страна на Советот на Општина Велес. Средствата од меѓународните институции и фондови се однесуваа на проектот ЕНЕРЏИНЕТ финансиран од ЕУ преку ИПА програмата за прекуграничнатна соработка со Република Грција, и Европската комисија преку Министерството за Финансии од проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП).

Во текот на изминатата година Програмата за ЛЕР претрпе една измена во месец јуни. Измените во јуни се должат на зголемување на ставката за „проекти финансирани од домашни фондови“додека средствата наменети во ставката „проекти финансирани од меѓународни фондови“ е намалена за истиот износ, Конечниот износ на програмата со оваа измена не се промени односно остана 58.856.130.

Програмата за локален економски развој за 2016 година беше составена од вкупно 16 точки односно: „Подготовка на техничка документација за инфраструктурни проекти“; „Учество во проекти финансирани од домашни фондови“; „Учество во проекти финансирани од меѓународни фондови“; „Поддршка на Центарот за развој на ВПР“; „Учество во проекти и активности на Регионалниот бизнис центар(МИР)“; „Заедничко одделение за енергетска ефикасност на општините од ВПР“; „Мерки за енергетска ефикасност“; „Дизајн и печатење на промотивни материјали“; „Учество на домашни и меѓународни саеми и промотивни настани“; „АФПЗРР – изградба на водовод во населено место Чалошево Мерка 321“; „АФПЗРР – Изградба на улици во село Иванковци – Мерка 322“; „АФПЗРР – поставување и изградба на урбана опрема ез.Младост – Мерка 323“; „ИПА преку министерството за финансии“: „Изградба на улици во селата Мамутчево и Чалошево“; „ENERGYNET; Обука за новиот стандард ISO 9001:2015“ и „Подготовка на документација за започнување на постапка за јавно приватно партнерство(изградба на затворен градски пазар во Велес)“.

Во точката еден односно „Подготовка на техничка документација за инфраструктурни проекти“ потрошени се вкупно 1.061.292 денари односно 42,45% од предвидените средства. Во текот на 2016 година, согласно потребите на одделението за ЛЕР и Општина Велес во однос на техничка документација за спроведување на проекти, по пат на јавна набавка од страна на економски оператор изработена е техничка документација која е неопходна за реализација на проекти од

инфраструктурен карактер како и документација која е неопходна за поднесување на апликации до домашните и меѓународни фондови.

Во точката два односно „Учество во проекти финансирани од домашни фондови", потрошени се вкупно 3.355.382 денари односно 77.14% од предвидените средства. Средствата од оваа програма беа наменети за финализација на проектот за „изградба на водовод во село Новачани" реализиран инфраструктурно во 2015 година.

Во точката три односно „Учество во проекти финансирани од меѓународни фондови", не се потрошени средства а дополнително ставката за нив е намалена од 3.000.000 денари на 1.000.000 со измената во месец јуни. Намалувањето на ставката наменета за проекти финансирани од меѓународни фондови е поради тоа што Општина Велес сеуште немаше добиено одговор за аплицираните проекти, а беше информирана дека за истите во текот на 2016 година нема да има одлука од страна на телата надлежни за финансирање на фондовите. Со оглед на тоа што останатите проекти финансирани од меѓународни фондови се наоѓаа во соодветните ставки(ЕНЕРЏИНЕТ; Изградба на улици во Чалошево и Мамутчево), одлучено е овие средства да се планираат за идната 2017 година. До овој момент, сите аплицирани проекти од страна на Општина Велес односно три од ИПА прекуграничната програма на ЕУ и два од БалканМЕД програмата на ЕУ се влезени во завршна фаза пред одлука за поддршка.

Во точката четири односно „Поддршка на центарот за развој на ВПР" потрошени се вкупно 551.080 денари или 91.85% од предвидените средства. Овие средства се потрошени согласно договорот помеѓу Општините за основање и финансирање на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

Во точката пет односно „Учество во проекти и активности на Регионалниот бизнис центар (мрежа за инклузивен развој)", средствата наменети за поддршка на мрежата се заштедени поради тоа што лицето ангажирано на овој проект од страна на Вардарскиот плански регион и UNDP користеше породилно отсуство.

Во точката шест односно „Заедничко одделение за енергетска ефикасност на општините од ВПР" потрошени се вкупно 384.015 денари или 69.82% од предвидените средства. Овие средства се потрошени согласно договорот помеѓу Општините од планскиот регион за основање на заедничкото одделение за енергетска ефикасност.

Во точката седум односно „Мерки за енергетска ефикасност" потрошени се вкупно 636.688 денари или 42,45% од предвидените средства. Средствата од оваа точка секоја година се користат за подобрување на енергетската ефикасност во објектите во сопственост на Општина Велес, следење на најдобрите практики во енергетската ефикасност како и интервенции во областа на енергетската ефикасност во облектите во сопственост на Општина Велес. Така во 2016 година беше донесена новата програма за енергетска ефикасност на Општина Велес 2016-2018 согласно законот и истата беше изгласана од Советот на Општина Велес. Во истата програма веќе се наведени и мерките кои Општина Велес ќе ги превземе во наредниот период од оваа област. Додека во извештајот за енергетска ефикасност за 2017 година детално ќе бидат опишани сите инвестиции направени во овој дел.

Средствата од оваа точка беа наменети за интервенција во основното училиште „Кирил и Методиј" е инсталиран нов котел за загревање.

Точките осум и девет од програмата за ЛЕР во 2016 година не беа реализирани, односно Општина Велес не доби покана за меѓународни промотивни настани и затоа одлучи да не бидат потрошени средства за дизајн и печатење на промотивен материјал со што овие средства беа пренесени во програмата за ЛЕР за 2017 година.

Во точките десет, единаесет и дванаесет беа опфатени проектите поддржани од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој односно

„АФПЗРР – изградба на водовод во населено место Чалошево Мерка 321“

„АФПЗРР – изградба на улици во село Иванковци - Мерка 322“

И „АФПЗРР – поставување и изградба урбана опрема ез. Младост - Мерка 323“.

За реализација на овие проекти во 2016 се потрошени вкупно 15.688.190 денари средства од агенцијата и Општина Велес. Проектите од мерките „322“ и „323“ се реализирани целосно во 2016 додека проектот финансиран од „изградба на водовод во населено место Чалошево мерка 321“ започна со реализација и истата поради комплексност на инфраструктурните зафати продолжува во 2017 година.

Во точката тринаесет односно „ИПА преку министерството за финансии: Изградба на улици во селата Мамутчево и Чалошево“ не се потрошени средства. Средствата остануваат на донаторската сметка на Општина Велес наменета за овој проект кој поради комплексноста на процедурите за потпишување на грант договорот, како и меѓународните процедури за ангажирање на економски оператор беше одолговлечен. Средствата од оваа ставка се пренесуваат во програмата на одделението за ЛЕР за 2017 година. Во овој момент веќе потпишан е договорот со изведувачот и започнати се работите на терен.

Во точката 14 односно „ENERGYNET“ потрошени се вкупно 6.096.751 денари или 76.67% од предвидените средства. Проектот заврши со реализација на крајот на 2016 година а со истиот беа инсталирани пет термоизолациони фасади на клоновите од детската градинка „Димче Мирчев“, беше организирана неделата на енергетска ефикасност во Велес, беше ангажиран проектен менаџер за проектот и беше изработен SEAP(Sustainable Energy Action Plan) за Општина Велес. Стратешки документ од областа на енергетската ефикасност со кој Општина Велес е втора општина во Македонија која поседува ваков документ.

Во точка 15 односно „Обука за новиот стандард ISO:9001-2008)” потрошени се вкупно 3.275 денари или вкупно 3.28% од предвидените средства. Средствата се потрошени за членство во Институтот за стандардизација на Република Македонија што овозможува пристап до сите документи од интерес, особено меѓународниот стандард ISO 9001:2008 и новиот стандард ISO 9001:2015 Поради потребата за одржување на постојниот стандард, и утврдените рокови со новиот Закон за воведување на системи за управување со квалитет, обуката на сите раководни кадри за новиот стандард ќе се реализира во 2017 година, а имплементацијата треба да заврши до март 2018 година.

Точката 16 односно „Подготовка на документација за започнување на постапка за јавно приватно партнерство (изградба на затворен пазар во Велес“ беше извадена од програмата на одд. За ЛЕР за 2016 година поради тоа што не постоеја заинтересирани страни за јавно приватно партнерство за овој проект. Општина Велес овој проект планира да го реализира со сопствени средства за што предвидени се активности во одделението за комунална инфраструктура.

Вкупната реализација на програмата за ЛЕР за 2016 година изнесува 27.776.673 денари или 47.19%.

Дополнително, Одделението за ЛЕР при Општина Велес во 2016 на своја иницијатива реализираше регионален проект за промоција на виното на Вардарскиот плански регион во Регионот Алзас. Поради меѓународниот карактер на проектот, средствата за учество на Општина Велес во висина од 18.000 денари беа обезбедени од други програми. Проектот во вкупна сума од 12. 692 $, финансиски поддржан од УНДП и АЛМА овоможи за првпат винариите „Тиквеш“, „Бовин“, „Стоби“, „Шато Сопот“ и „Гама“ да го промовираат своето вино на пазарот

во Алзас, Франција и да разменат мислења и искуства со професионалците од Алзас. Проектот беше вклучен во програмата за работа на Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион и беше поддржан од Департманот „Горна Рајна“, Франција.

**Начин на реализирање**

Основна цел на Програмата за локален економски развој за 2016 година беше континуиран развој на капацитетите на Општината за привлекување на инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти и промоција на општината. Така во 2016 година, одделението за ЛЕР активно работеше на поднесување на апликации до меѓународните фондови за финансирање на проекти во насока на остварување на оваа цел. Поднесени се вкупно шест апликации до меѓународни фондови, четири проекти до ИПА-прекуграничниот комитет за добивање на грант средства од Европската унија преку ИПА-прекуграничната соработка, и два до програмата „БалканМед“ за кои Општина Велес сеуште нема добиено одговор.

## 3.5. Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

Позиција Ф1 - Урбанистичко планирање

Урбанистички планови

Во 2016 година донесени се:

Детални урбанистички планови

Детален урбанистички план за дел од УЕ 1, УБ 10 Велес, Општина Велес. Површина 11,07 ха.

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, измена и дополна за дел од УЕ 5, УБ 34, (дел од старо градско јадро), Велес, Општина Велес. Површина од 0,77 ха.

Детален урбанистички план за УЕ 1, УБ 3, Општина Велес, површина 21,65 ха.

ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Велес за локалитет, дел од УЕ 7, дел од УБ 41, помеѓу дел од ул. „11 Октомври”, дел од ул „Никола Карев”, крак на ул. „Никола Карев”, дел од ул. „Марксова” крак на ул. „Марксова” и пешачка улица , КО Велес, Општина Велес. Површина од 1.30 ха.

Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ 7, дел од УБ 40, КО Велес, Општина Велес. Површина од 9.60 ха.

Урбанистички планови вон населено место

Урбанистички план вон населено место (УПВНМ), за стопански комлекс, со основна класа на намена на површини Г - (производство, дистрибуција и сервиси), односно класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - сервиси и Г4 - стоваришта, на локалитет во м.в. “Кумсал”, КО Мамутчево, Општина Велес. Површина од 67.31 ха.

Локална урбанистичка планска документација

Локална урбанистичка планска документација за стопански комлекс, за ЛУПД за Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 12962/1, м.в. Калина Чешма, КО Велес, Општина Велес. Површина 0,28 ха.

Локална урбанистичка планска документација за стопански комлекс, со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија за КП 15504, КП 15510 и дел од КП 15505, мв Плоча КО Велес, Општина Велес. Површина 1.88 ха.

Локална урбанистичка планска документација за стопански комплекс,со основна класа на намена на површини Г – (производство, дистрибуција и сервиси), односно класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија, (кланица со придружни објекти) на КП 15329, КП 15330, дел од КП 15614 и КП 15318, КО Велес, Општина Велес. Површина 3,48 ха.

Општи акти

Општ акт с. Сојаклари. Површина 17,58 ха.

Општ акт с. Кумарино. Површина 18,92 ха.

Општ акт с. Рудник. Површина 15,84 ха.

Отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија за 2016 година

Јавно наддавање

Во текот на 2016 година по пат на електронско јавно наддавање беа отуѓени вкупно 21 градежни парцели со намена А4-времено сместување. Вкупно прибраните средства изнесуваат 7 763 590 денари, од кои 80 % влегуваат во Буџетот на Општина Велес, а останатите 20 % влегуваат во Буџетот на Република Македонија.

Непосредна спогодба

Во текот на 2016 година примени се 98 барања за отуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба од кои решени се вкупно 105 барања од кои се прибрани вкупно 2 868 155 денари, од кои 80 % влегуваат во Буџетот на Општина Велес, а останатите 20 % влегуваат во Буџетот на Република Македонија.

Одобрение за градење

Одобрение за градење и инфраструктура -45

Одобрение за адаптација,адапт. и пренамена -12

Одобрение за реконструкција -15

Одобрение за подготвителни работи -01

Решение за објекти без одобрение за градба -06

Решение за измени во тек на градба -07

Решение за промена на инвеститор-03

Повлечени-одбиени премети од Е-Одобрение -37

Известување за почеток на градба -13

Потврда за усвојување на идеен проект - 08

Записник за усвојување на инфрастр. Проект /

Пресметка за урбана опрема -110

Одобрение за вршење дејност за предпростор -04

Одобрение за урбана опрема -116

Правосилни заверки на документи по барање -23

Изводи од ГУП -935

Изводи од ДУП -528

Писма,потврди и други документи -1489

Вкупно изработени и заверени документи - 3352

**Позиција Ф2** - Уредување на градежно земјиште

- Ф20 Уредување на градежно земјиште (за надзор над изведба на градежни објекти, геодетските услуги и геомеханички испитувања од предвидените средства

во износ од 6.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 2.655.620,00 денари (40,86%).

Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2016 година беше континуирано контролирана од ангажираните фирми за вршење на надзор над квалитетот и количините на изведени работи. За потребите на општината се изработуваа елаборати за геодетски услуги како за нумерички податоци, ажурирани подлоги за тековни и планирани проекти и пренесување на проекти на терен.

За подобрување на водоснабдувањето во Индустриска зона Караслари се извршија пробни бушотини за добивање на хидрогеолошки карактеристики на теренот. Се изготвија геомеханички истражни работи за изготвување на проектната документација за покривање на градскиот пазар.

**Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја**

Во село Иванковци се изгради улица со завршен слој бетон со површина од 1300м$^2$. Во селото Сујаклари се изврши бетонирање на улица во должина од 150м со широчина од околу 3,5м. Во село Оризари се изведе улицата Бајрам Хасановиќ со завршен слој бетон во должина од 300м. Во село Раштани се изврши бетонирање на една улица во должина од 200м. Се изврши бетонирање на две улици во село Бузалково во должина од 400м и 420м со поставување на ивичњаци. Се избетонира главната пристапна улица во должина од 100м и широчина од 5м во Долно Караслари. Се вршеше тампонирање на дел од патот кон Сливник, Отовица, кон новоизведен резервоар во Караслари и кон Башино село. Се изврши санирање на оштетувањата на патот кон Ветреско.

Од предвидените средства во износ од 7.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 4.600.000,00 денари (61,33 %).

**ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура**

Се изработија проекти за : **водовод и канализација**

- реконструкција на водоводна линија на ул."Богдан Каракостев";
- реконструкција на водоводна линија на ул."8-ми Март";
- реконструкција на водоводна линија на ул."Костурска";

- реконструкција на канализациона линија на ул.“Страшо Пинџур“(Страшо Пинџур, Никола Отровчанов, Илинденска);
- реконструкција на водоводна линија на ул.“ Даме Груев “;
- реконструкција на водоводна линија на ул.“ Орце Мартинов“;
- реконструкција на канализациона линија на ул.Јовче Чучук и ул.Орце Шутев).

**За улици и патишта**

- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај за изградба на водоснабдителен систем за Индустриска зона Речани 2 со прстенесто поврзување со водоснабдителниот систем на езеро Младост;
- Изработка на проектна документација за проширување на дел од ул.“Димитар Влахов“;
- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај за изградба и реконструкција на водоводни линии во град Велес, односно на ул.“Киро Ќучук“, ул.“Партение Зографски“(“Првомајска“), ул.“Рислки Конгрес“(“Игманска“), ул.“Мицко Козар“, ул.“Васил Главинов“, ул.“Гемиџиска“ и изградба на нова линија на ул.“Благој Ѓорев“.
- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај за реконструкција на ул.“Самоборска“.
- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај за реконструкција на тротоар на ул.8-ми Септември со промена на завршен слој на плочки и промна на ивичњаци.
- Основен проект за реконструкција на дел од ул.“Јордан Џурнов“ и дел од ул.“Јовче Тикваров“.
- Проект за инфраструктура и Основен проект за пристапна улица во мв Порцеланова;
- Изработка на проектна документација за пробивање на улици во населено место за изградба на комплекс со намена А4, времено сместување - викенд населба во КО Башино Село и КО Новачани, Општина Велес;
- Изработка на проектна документација за пробивање на улици во индустриска зона Речани.

Во текот на 2016 година не се јави потреба од експропријација на земјиште и не се потрошија предвидените средства.

Од предвидените средства во износ од 3.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 717.131,00 денари (20,49%).

**Ј Комунални дејности**

Од предвидените средства во износ од 169.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 69.328.975,00 денари (40.90 %).

**Ј00 Одржување на урбана опрема**

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема и промена на оштетени делови на улиците низ градот и во детските забавни паркови.

Од предвидените средства во износ од 2.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 254.420,00 денари (10,18%).

**ЈН0 Урбана опрема (капитални расходи)**

Во текот на цела година се врши набавка на урбаната опрема и нејзино поставување. На барања на граѓани се поставуваа клупи, кош со обрач и конструкција, огради од плетена мрежа на препумпни станици, ракофати и огради на повеќе локации низ градот. Поставената урбана опрема тековно се одржуваше. Во 2016 година се поставени ракофати на следните улици: 70м на ул.Димитрие Чуповски, 40м спој на Белградска со Трајко Митев, 16м на Благој Леов, 27м на Климент Охридски на две локации, 80м на улица Тодор Ацев, на Стеван Бобев околу 120м, 50м на ЈХК Цинот, на ул.Румена Хаџи Панзова, Милан Страчков, Игманска, 40м на Коле Цветков, и др. Огради се поставија на спој на Гоце Делчев со улица Никола Оровчанец, на улица Славе Петков, на потпорни ѕидови на Коле Цветков и Трајко Митев и др. По добивање на извештаите од Центарот за јавно здравје се поставија информативни тасбли во градот и населените места. Изработени и поставени се табли по велосипедските патеки на територија на Општина Велес и информативни табли. Се изработија и поставија заштитни столбчиња на новоизведените тротоари.

Изградени се вежбални за рекреација на повеќе локации низ градот .

Од предвидените средства во износ од 4.300.000,00 денари се потрошени средства во износ од 962.662,00 денари (22,39 %).

**J10 Снабдување со вода**

Се вршеше тековно одржување на системите за водоснабдување во населените места. Во тековната година немаше потреба за дотур на питка вода за населените места.

Од предвидените средства во износ од 2.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.145.950,00 денари (45,84 %).

**ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување**

Се започна со изградба на водоснабдителен систем за Индустриска зона Речани 2 со прстенасто поврзување со водоснабдителниот систем на езеро Младост кој проект е во тек на реализација, како и крак за водоснабдување во Населба Речани, но пристигнување за наплата ќе биде во тековната година.

Од предвидените средства во износ од 2.700.000,00 денари се потрошени средства во износ од 0,00 денари ( 0,00 %).

**J20 Одведување и пречистување на отпадни води**

Се изврши редовно чистење на каналите за атмосферска канализација . Во село Иванковци и Горно Оризари се вршеше тековно одржување на пречистителните станици за нормално функционирање. Се изведе атмосферска сливна решетка на улица Никола Карев со поврзување со постоечкиот атмосферски канал, покривање на атмосферски канал на спој на улица Петре Прличко со улица Димитар Влахов, поставување на три сливника и поврзување со постоечки атмосферски канал на улица Лазо Трпков, санирање на постоечки атмосферски канал покрај оградата на Касарната и изведба на канал за прифаќање на атмосфесрски води во Населба и на улица Родна Ивева.

Од предвидените средства во износ од 4.600.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.099.688,00 денари (23,91 %).

**JИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Се изведе фекална канализација во село Горно Оризари и тоа дел од краци од зона 2 со потребен број на шахти.

Од предвидените средства во износ од 4.200.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.573.079,00 денари (37,45 %).

**J30.Јавно осветлување**

Од оваа ставка се изврши наплата за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување, новогодишно украсување на градот, се изврши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се проширувaше постоечката мрежа за улично осветлување, како и замена на постојни со економични светилки.

Од предвидените средства во износ од 20.300.000,00 денари се потрошени средства во износ од 18.311.188,00 денари (90,20%).

**JA0.Изградба на јавно осветлување**

Се изврши проширување на мрежата за улично осветлување во градот и населените места, реконструкција на мрежи каде што ЕВН врши реконструкција на мрежите и поставување на ново мерно место. Проширување на мрежата за улично осветлување со поставување на нови столбови вкупно 39 се изврши на следните локации: ул.Тоше Саздов број 26-30, ул.Глигор Прличев број 32, ул.Ристо Најдов Шајката број 2, ул.Ѓоре Органџиев број 41, ул.Крали Марко 17-19, пред зградата на Општина Велес, улица Благој Нечев број 80, во населба Хабитат, на ул.Роса Плавева бр.3, на ул.Наце Димов бр.47, Димитрие Чуповски бр. 11, ул.Благој Ѓорев, во с.Иванковци и кај Спомен Костурницата. Се изврши проширување на мрежата за улично осветлување со поставување на светлечко тело на постоечки столбови вкупно на 17 локации и тоа во Отовица, во Башино село, на ул.Орце Шутев, Наце Димов бр.40, Т.Б.Тарцан бр.20, Родна Ивева 111 и 163, Јане Сандански спроти број 40, во Горно Оризари, во село Црквино, на преминот кон спортската сала и на Благој Нечев бр.19.

Од предвидените средства во износ од 5.500.00.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.827.653 ,00 денари (69,59 %).

**J40 Јавна чистота**

Согласно Програмата за одржување на јавната чистота за 2016 година извршено е плаќање на месечно задолжување од ЈКП Дервен за реализираните активности на чистење, миење и одржување на јавните површини , како и чистење на снег и мраз во зимски услови за 2016 година.

Извештајот за реализираните работи согласно Програмата за 2016 година ќе биде доставен на разгледување до Советот на Општина Велес од страна на ЈКП Дервен.

Од предвидените средства во износ од 10.000.000,00 денари се исплатени средства во износ од 1.030.833,00 денари (10,34 %).

**Ј60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**

Во 2016 година реализирани се следните зафати: се започна со прередување на камени коцки на дел од улица Милан Страчков, дел од улица Тодор Ацев и улица Богдан Каракостев.

Во 2016 година се бетонирани следните улици:

- Се избетонира дел од улица Орце Шутев;
- Се избетонира дел од улица Јовче Ќучук во должина од околу 120м;
- Се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој бетон.

Во 2016 година се асфалтираа следните улици:

- Се асфалтираше дел од улица Павел Шатев;
- Се асфалтираше дел од улица Невена Ѓорѓиева Дуња во должина од 180м и паркинг од околу 350м$^2$;
- Се асфалтираше дел од улица Роса Плавева;
- Се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој асфалт.

Во 2016 година се изведоа следните потпорни ѕидови:

- Се изведе потпорен ѕид на улица Коле Цветков;
- Се изведе потпорен ѕид на улица Питу Гули;
- Се изведе потпорен ѕид на улица Рилски Конгрес;
- Се изведе потпорен ѕид на Стеван Бобев.

Се тампонираа улици во Населба Речани.

Се изврши чистење на банкини на локалните патишта, како и овозможување на прегледност на вертикалната сигнализација низ градот. Зимското одржување на локалните патишта се вршеше тековно, се изврши набавка на потребните количини на индустриска – камена сол, како и одржувањето на хоризонталната и вертикалната сигнализација. Се изврши изведба на хоризонтална сигнализација (осовинско одбележување, автобуски стојалишта, такси станици, пешачки премини) и др.

Од предвидените средства во износ од 20.600.000,00 денари се потрошени средства во износ од 5.941.112,00 денари (28,84 %).

**ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Се изврши реконструкција на тротоар на улица 8-ми Септември со префабрикувани бетонски елементи, се изврши реконструкција на улици со завршен слој асфалт и тоа на дел од Тодор Христов Офицерчето, крак од улица Тодор Јанев и се изврши реконструкција на железничкиот премини на мостот Гемиџии.

Во 2016 година се бетонирани следните улици:

- Се избетонира дел од улица Наце Димов;
- Се избетонира дел од улица Јовче Тикваров;
- Се избетонира дел од улица Јордан Џурнов;
- Се реконструираа пристапните скали на спој на улица Димко Најдов со Анѓеко Палашев.

За интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани беше доделен градежен материјал со кој граѓаните сами извршија зафати за обезбедување на теренот. Со материјали издадени од Општина Велес се изврши бетонирање на краци со завршен слој земја и изведба на потпорни ѕидови.

Од предвидените средства во износ од 34.200.000,00 денари се потрошени средства во износ од 18.625.240,00 денари (54,46 %).

**ЈФ0 Изградба на сообраќајна сигнализација**

Извршено е санирање на поставените средства за забавување на сообраќајот на повеќе локации.

**Ј70 Одржување и користење на паркови и зеленило**

Средствата предвидени за одржување на градското зеленило се потрошени за спроведување на Програмата за јавно зеленило за 2016 година преку месечно задолжување од страна на ЈКП Дервен. Извршена е набавка цветен пикиран расад за пролетното и есенското уредување на цветните површини во градот, набавка на тревно семе за затревување на новоподигнатите зелени површини.

Од предвидените средства во износ од 16.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 807.657,00 денари (5,05 %).

**ЈМ0 Паркови и зеленило (капитални расходи)**

Средствата предвидени за подигнување и реконструкција на нови зелени површини се потрошени за спроведување на Програмата за подигнување и реконструкција на нови зелени површини за 2016 година.

Партерно се уреди просторот пред Здравствениот дом, како и се поплочи патерот пред колективни станбени згради на улица Никола Карев.

Од предвидените средства во износ од 5.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.017.890,00 денари (20,36 %).

**Ј80 Други комунални услуги**

Во 2016 година се вршеше отстранување на објекти склони на рушење по комплетно завршување на процесот со изготвување на потребна документација и обезбедување на сите потребни согласности. Меѓутоа наплатата ќе биде во тековната 2017 година.

Од предвидените средства во износ од 2.800.000,00 денари се потрошени средства во износ од 0,00 денари (0,00 %).

**ЈЛ0 Други комунални услуги (капитални расходи)**

Се работеше на подобрување на Инфраструктурата во Индустриските зони во Речани и Караслари.

Од предвидените средства во износ од 32.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 13.117.868,00 денари (40,99 %).

**ЈЕ0 Изградба на простори за паркирање**

Се поплочи простор за паркинг места во дворот на Гимназијата.

Од предвидените средства во износ од 2.250.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.584.116,00 денари (70,41 %).

Од предвидените средства во износ од **187.000.000,00** за Програмата за, уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2016 година реализирани се **77.301.726,00** денари ( или 41.34 %) .

Дел од изведените активности во 2016 година согласно Договорите и динамиката за исплата на доставените ситуации ќе се реализира во 2017 година. Финансискиот дел од извештајот се однесува на изведените работи кои се

наплатени. Изведените работи кои не се исплатени не се вкалкулирани во процентуалниот износ на реализација.

### Р1 - Заштита на животната средина

Во текот на 2016 година од планираните 8, финансиски се реализирани 6 области од Програмата наведени во следната табела:

**Табела. Финансиска реализација на Програма за заштита на животната средина**

| Про-грама | Назив | План. МКД | Година | Потрошено МКД | Разлика МКД | Реали-зација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р1 | 16-Р1.Анализи на квалитет на животна средина | 150.000,00 | 2016 | 55.541,00 | 94.459,00 | 37,03% |
| Р1 | 16-Р1.Кампања за подигнување на јавна свест за управување со отпадот – дел од Програма за управување со отпадот | 200.000,00 | 2016 | 145.432,00 | 53.568,00 | 73,22% |
| Р1 | 16-Р1.Набавка на материјал за хортикултурно уредување | 2.700.000,00 | 2016 | 2.142.331,00 | 557.669,00 | 79,35% |
| Р1 | 16-Р1.Проектна документација за животна средина | 300.000,00 | 2016 | 305.502,00 | -5.502,00 | 101,83% |
| Р1 | 16-Р1.Спроведување на активности од Програма за управување со отпадот | 1.500.000,00 | 2016 | 913.210,00 | 586.790,00 | 60,88% |
| РА | 14-РА.Набавка на садови за отпад – дел од Програма за управување со отпадот | 2.700.000,00 | 2016 | 2.391.971,00 | 308.029,00 | 88.59% |
| | | **11.150.000,00** | **2016** | **5.954.987,00** | **5.195.013,00** | **53,41%** |

Програмската реализација се извршуваше преку спроведување на следните активности:

- Во делот Анализи на квалитет на животната средина потрошените средства се за извршен мониторинг на параметри во животната
- средина.
- Во делот Кампања за подигнување на јавна свест за управување со отпадот – дел од Програма за управување со отпадот отпечатени се
- 6 видови на летоци за постапување со отпадот кои се дистрибуирани до граѓаните.
- Во делот за Набавка на материјал за хортикултурно уредување извршена е набавка на цветен расад, грмушести и дрвенести декоративни растенија за есенското и пролетното хортикултурно уредување на постоечките и новоформираните зелени површини.

Во делот на Проектна документација за животна средина изготвени се: Стратегиски оцени за влијание врз животна средина на плански документи, во еколошкиот дел од постапката на изготвување и донесување на урбанистички

планови за општината, Елаборати за заштита на животната средина за инфраструктурни објекти чиј инвеститор е општината. Изработен е Катастар за животната средина на територијата на Општина Велес и Регистер на загадувачи.

При реализација на Програмата за управување со отпад трансферирани се средства на ЈКП Дервен за Изградба на складиштен простор за времено складирање на селектиран отпад од пакување и изградба на складиштен простор за времено складирање на електронски отпад. Реализирани се и средства за чистење на диви депонии во населените места и во урбаната средина.

Во ставката Набавка на садови за отпад – дел од Програма за управување со отпадот извршена е набавка на 1900 стандардизирани канти за домаќинствата и 10 садови за отпадни батерии.

За реализацијата на проектите во 2016 година планирани се вкупно 11.150.000,00 денари, а потрошени се 5.954.987,00 денари.

Ако се споредуваат само финансиските параметри, односно висината на планирани и потрошени (платени) финансиски средства, тогаш реализацијата на Програмата во делот на заштита на животната средина изнесува 53,41%.

**3.7.К – Култура**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2016 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ.

Вкупно планираните средства за 2016 година изнесуваа 31.720.000 денари. Од овие средства 17.090.000 денари беа од Буџетот на Општина Велес, 10.196.000 денари од Министерството за култура, 3.000.000 денари од други извори и донации, како и 1.834 800 денари сопствени извори, односно средства на локалните установи од областа на културата. Средствата од Министерството за култура во најголем дел се однесуваат на блок – дотациите наменети за локалните установи од областа на културата,а помал дел на одржувањето на манифестациите. Средствата од други извори на донации се однесуваат на донациите што се обезбедени за реализирање на Фестивалот на пити и вино – Велешка Питијада.

Во текот на календарската година Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2016 претрпе една измена во месец октомври. Измените во октомври се однесуваат на зголемување на средствата предвидени и од други извори на донции. По измената Програмата беше во планиран износ од 31.120.800 денари.

Програмата за култура опфаќа седум поглавја: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската година, поддршка на проекти, годишнини, инвестиции, поддршка на локални установи, трансфер на средства и други расходи.

Најопсежен дел од Програмата е првото поглавје – Манифестации. Тука се опфатени културните манифестации од меѓународен, републички и локален карактер што ги реализира општинската администрација, со помош на локалните установи од областа на културата, Организационите одбори на дел од културните манифестации, како и граѓанските организации на кои општината им делегирала дел од надлежностите. Дел од манифестациите се еднократни, а повеќето се комплексни, обединуваат во себе повеќе уметности и се реализираат во времетраење од неколку

дена. Такви се меѓународните фестивали, изложби и промоции, ликовната колонија. Бројката на културни настани е голема и изнесува 140. За реализацијата на културните настани во 2016 година се потрошени: 12.570.000 денари.

Иако во 2016 година Велес не беше дел од проектот „Град на културата", во најголем дел манифестациите и проектите што беа дел од „Град на културата" во 2015 година, продолжија да се одржуваат и во 2016.

Добра пракса од реализацијата на проектот Велес град на културата е работата на стручните комисии за фолклор, литература, ликовна уметност, музика и театар кои продолжија да ги селектираат настаните и учесниците пред да им биде дозволена презентација пред велешката публика.

И оваа 2016 година реализирани се 4 меѓународни културни манифестации - Рацинови средби, Интернационален фолклорен фестивал „Велес", Интернационален фестивал за античка драма „Стоби", Ликовна колонија „Папрадишки мајстори" за чија реализација Советот на Општина Велес разгледуваше посебни извештаи. Посебен извештај беше разгледуван и за манифестацијата од национално значење – Детски Рацинови средби.

Реализирани се повеќе **проекти** со здруженија на граѓани како Грнчарска работилница, Етно работилници во куќите на уметноста (грнчарска, столарска, ткајачка и работилница за изработка на накит)", „Средби на Бошњаците", „Moto beach party", Баскерфест и тн. Оваа година за прв пат се реализираше Летна школа за копаничари во организација на Совет за млади. За поддршка на проекти од областа на културата на ГО и на уметници поединци за различни манифестации издвоени се 4.525.300.

Во делот **годишнини** на значајни личности и настани реализирани се бројни свечености по повод државни празници и јубилеи на истакнати велешани од македонската историја. Покрај достојното обележување на државните празници, особен акцент беше ставен на обележувањето на 65 годишнината од смртта на Панко Брашнар и 80 годишнината од загинувањето на Ганчо Хаџи Панзов – еден од четирите велешки борци во Шпанската граѓанска војна. Настанот беше и дел од Националната програма за обележување годишнини на значајни настани и личности на РМ што ја носи Собранието на Република Македонија.

Од средствата предвидени во делот **годишнини** се покриваат и трошоците што произлегуваат од реализирање на Програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2016 година.

Традиционална културна манифестации одржана во 2016 година што привлече најголемо внимание во јавноста е Питијадата – што по седми пат се одржа на отворено. Овој фестивал на вино и велешка пастрмајлија беше вистински спектакл на кој беше презентирана најголемата пита пастрмајлија долга речиси 4 метри, а широка 1 м. Во забавниот дел на манифестацијата што траеше 3 дена учествуваа „Маестро", „Виртус", Елена Велеска, Јордан Митев, „Љубојна" и Каролина Гочева. На втората фестивалска вечер настапија Антонија Гигоска, Мики Секуловски, Наташа Малинкова, Дани Димитровска и „Тропико бенд", а вечерта се заокружи со настапот на балканската мега ѕвезда Жељко Јоксимовиќ. На третата вечер настапија EYE CUE, „Нокаут", ДНК и „Ван Гог".

Денот на Општина Велес 9-ти Ноември беше проследен со настап Младинскиот црковен хор „С. Кирил и Методиј", беше отворена изложбата на дела создадени на Ликовната колонија „Папрадишки мајстори" и беше врачена Актерската награда за животно дело „Петре Прличко" на актерот Кирил Гравчев. Програмата беше збогатена со целовечерен концерт на Ансамбл „Керамичар".

Во 2016 година се одржаа и традиционалните манифестации Априлијада, Денот на Македонските просветители Св. Кирил и Методиј, Недела на детето, Детски Рацинови средби, итн.

На негувањето на културата, традицијата и обичаите во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2016 година е посветено особено внимание. Овде се вбројуваат манифестациите „Средби на Бошњаците од Република Македонија" што се одржува во мај во с. Горно Оризари и „Пеливански натпревари" на која се презентира фолклорот и обичаите на албанската заедница.. Исто така од Програмата се одвоени средства за обележување на празниците и на другите припадници на заедниците од Општина Велес, во организација на здруженија на граѓани од овие етнитети.

Во 2016 година по седми пат беше обележан и **патронот на Велес „Свети Пантелејмон", светец заштитник** што се слави на 9-ти август. И оваа година во соработка со Народниот музеј и Локалната библиотека Општина Велес реализираше бројни промоции на книги и изложби на македонски автори.

**Начин на реализирање**

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2016 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили, а дел од надлежностите ги делегираше на граѓански организации.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

Ппрограмата за култура за 2016 година е реализирана 71,43%. Ова пред се се должи на ефикасниот и домаќински однос во работата и успехот голем дел од манифестациите да се реализираат со помалку средства од планираните.

## 3.8. Л – Спорт и рекреација

Програмата од областа на спортот во 2016 година беше димензионирана на 16.630.000 денари и опфаќа:

I. Спортски манифестации
II. Поддршка на спортски сојузи
III. Поддршка на спортот во градот
IV. Инвестиции
V. Совет на млади на Општина Велес

Со оваа Програма поддржани се повеќе од 60 спортски настани, од кои дел со меѓународен карактер. Исто така дадена е поддршка на сите спортски сојузи, на клубови и поединци што даваат активен придонес за развој на спортот во Општина Велес.

И во 2016 година од оваа Програма беа обезбедени значителни средства за поддршка на активностите на спортски сојузи, поддршка на развојот на спортот во градот – за надомест за користење на спортски објекти за квалитетен спорт искористени се 2.485.000 денари, а за поддршка на младински спортски екипи – наместо планираните 500.000 исплатени се 890.000 денари, што е уште една пшотврда за активниот однос на Општина Велес кон создавањето услови за се поголема афирмација на спортот кај младата популација. Во 2016 година за поддршка на спортскиот бренд на Велес – Друштво за спортски дејности ГРК „Борец" АД, издвоени се вкупно 4.190.000 денари.

Во 2016 година и одбојкарскиот клуб „Борец" изврши пререгистрација и стана Градски одбојкарски клуб „Борец" , а Општина Велес го поддржа со 150.000 денари.

Од оваа Програма поддржани се и поединци што земаа учество на балкански, европски и светски првенства со вкупно 70.000 денари.

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кој постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации од кои посебен интерес кај граѓаните предизвикаа турнирите во мал фудбал, Турнирот во борење на пеливани, спортската манифестација во боречки вештини, Вардарската регата „Гемиџии", меморијалните турнири во сите спортови, и пливачкиот маратон. За прв пат оваа година по повод Денот на општината се одржа и атлетски маратон кој предизвика голем интерес кај граѓаните.

Со цел да се вклучат поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортските сојузи и нивните активности. Во 2016 година финансиска поддршка добија Сојузот на училишен спорт 300.000 денари, Сојузот за спортска рекреација на инвалидизирани лица – 60.000 и Општинскиот фудбалски сојуз – 300.000 денари. Сите сојузи во своите програми за 2016 година реализираа спортски активности што опфаќаат голем број учесници од сите возрасти од обата пола. Она што ја карактеризира 2016 година во областа на спортот, е работата на Училишните спортски клубови во сите општински основни и средни училишта и воспоставување на лига систем натпревари.

Вниманието на јавноста особено го привлекоа изградбата на патеката за крапски риболов на езеро Младост со што се овозможи организирање на меѓународни натпревари.

Сите планирани активности се реализирани со помош на несебичното залагање и волонтерската работа на спортските работници.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат наративен и финансиски извештај. За нивна поддршка издвоени се 3.930.000денари.

Работата на Советот на млади на Општина Велес во 2016 година сеуште беше дел од оваа Програма. Советот на млади изготви Стратегија за работа за следните 4 години, како и Годишна програма и Акциски план што произлегоа од неа. Овие стратешки документи ги усвои Советот на Општина Велес. Исто така Советот на млади во 2016 година одржа повеќе обуки и работилници за едукација на младите, реализираше спортски активности и на меѓународен план оствари соработка со повеќе сродни совети на млади од други држави. За сите активности беа потрошени само 51.000 денари затоа што најголем дел од активностите се реализираа волонтерски.

Иако во најголем дел Програмата за спорт е реализирана, заради ефикасно и домаќинско работење, со заштеда на средства и доследна примена на законската регулатива, средствата од програмата се потрошени 60%.

**Начин на реализирање**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2016 година беше насочена кон обезбедувањето на активен однос на Општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Велес преку спортот. Во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти, граѓани од различна возраст и од обата пола, а целокупната координација ја извршуваше стручната служба на Општина Велес.

### 3.9. В – Социјална заштита и заштита на децата

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2016 година е димензионирана на 75.540.000 денари од кои 5.630.000 од Буџетот на Општина Велес, а останатите се блок-дотации од Министерството за труд и социјална политика и сопствени приходи на Локалната установа Детска градинка „Димче Мирчев“.

Средствата во Програмата се распределени на:

- Социјална поддршка на заедницата
- Општина по мерка на детето
- Лица со хендикеп
- Меѓуинституционална соработка
- Родова рамноправност
- Грижа за стари лица
- Меѓуопштинска соработка
- Инвестиции
- Трансфер на средства

Програмата за социјална заштита од година во година расте и по обем на активности иако надлежностите од оваа област сеуште во најголем дел не се облигаторни за локалната власт.

Голем дел од активностите се сведуваат на волонтерски активности и активности поврзани во образовните институции, ПЕ на министерствата и граѓанските организации.

Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства е реализирана со 627.890 денари.

Обезбедени се социјални пакети на социјално ранливи лица по повод новогодишните и божиќни празници и за оваа намена издвоени се 30.003 денари.

Во Декадата на Роми со оваа Програма се поддржуваат проекти на ГО, а континуирано веќе осма година се дава поддршка на проектот за инклузија на ромските деца во предучилишните установи. Од Општина Велес, за оваа намена се издвоени 126.945 денари.

Од страна на Локалниот совет за превенција од детско престапништво реализиран е Акцискиот план за 2016 година.

На почетокот на учебната година, обезбедена е помош за деца без родители и родителска грижа, а на крајот на учебната година дадена е помош на матурантите од Велес згрижени во Домот за деца без родители „11 – ти Октомври“.

Она што ја обележа 2016 година во областа на социјалната заштита е поготовката на третиот по ред Локален акциски план за лица со инвалидност. Локалниот план се заснова врз детална анализа и скрининг на состојбата од разни аспекти на општествениот живот на лицата со инвалидност. Врз база на оваа детална мултисекторска анализа, детектирани се приоритетите за делување за наредниот временски период 2016-2020 година.

Оваа флексибилна мапа на локални политики изготвена со партиципативно учество на сите засегнати страни, оди во насоки на подобрување и зголемување на социјалната сигурност на инвалидните лица и создавање услови за нивна поголема инклузивност, целосно и ефективно учество во општествениот живот.

Реализирани активности согласно ЛАПЛИ како приоритет во 2016 година се: набавка на две електромоторни инвалидски колички, еден хидрауличен елеватор и изработка на ЛАПЛИ на брајово писмо за кои беа издвоени финансиски средства во висина од 350.000,00 денари.

Општина Велес даде поддршка на активности на здруженија на лица со инвалидност по предлози од ГО.

Од соработка и поддршката на ГО битно е да се напомене поддршката на Здружение на слепи лица за издавање на звучното списание „Зрак“, збогатување на брајовата библиотека со четири нови наслови од македонски автори печатени на Брајово писмо. Поддршка за рекреативно и рехабилитационо лекување на Здружениеото на лица со церебрална парализа, како и организирање на психотерапевтски работилници со едукативен и образовен карактер. За обележување на Денот на лицата со хендикеп се поддржаа и оваа година активностите на ПОУ „Маца Овчарова“ и Дневниот центар на лица со посебни потреби, и се организираа хуманитарни акции.

Општината даде поддршка и активно се вклучи во обележување на Светскиот ден на лицата со аутизам. Во соработка со ОЈУ ДГ „Димче Мирчев“ и ПОУ „Маца Овчарова“, беа реализирани предавања со презентации наменети за наставниците, кои пак на учениците со вежби и активности ги запознаваа со аутизмот, со цел подигање на свеста кај учениците за аутизмот.

Поаѓајќи од стекнатите позитивни искуства, применетите практики при реализација на проектите и имплементацијата на меѓународните конвенции, слободно може да се каже дека Општина Велес воведе нови повисоки стандарди на локално ниво и во иднина останува отворена за партнерска соработка на ова поле и во континуитет ќе ги поддржува сите акции и иницијативи за остварување на правата на инвалидните лицата и нивните семејства.

Општина Велес учествува во партнерски проекти како:

**Проект *Се грижиме за т опол дом***

Цел на проектот: да се намали социјалниот ризик од социјално исклучување на граѓаните на општината во задоволувањето на основните потреби од покуќнина, мебел, бела техника, електрични апарати, апарати за домаќинство, опрема за деца и друго.Проектот се реализираше според принципот „Кој прв ќе се јави, тој прв ќе биди услужен“.

Девет лица евидентирани во системот на социјалната заштита во ЦСР Велес, добија донирани апарати за домаќинство.

Времетраење: од 2013 година континуирано.

Организации кои го спроведуваат проектот: Центар за социјална работа, Општина Велес и ОО Црвен крст Велес.

**Проект *От ворени денови за социјална зашт ит а во рурални средини***

Цел на проектот: приближување на социјалната заштита и социјалната работа до жителите во рурални средини, превенција и рано откривање на изложеноста на социјален ризик, навремена интервенција на центрите за социјална работа.

Посетени жителите од тринаесет рурални средини, се обезбеди директен контакт и иннформирање на жителите од руралните средини за прават и услугите од социјалната заштита. Советувалишна работа овозможена е за десет лица со брачни и семејни проблеми, пет лица се стекнати со право на паричен надоместок за мобилност, слепило , глувост и наглувост. Нај многу прашања се упатени за стекнување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.
Времетраење: од 2013 година континуирано.

Организации кои го спроведуваат проектот: ЦСР и Општина Велес.

**Проект на УСАИД:** ***за практикантска работа и вработување на лица со попреченост и***

Цел на проектот: Зголемено учество на лицата со попреченост во општеството преку подобрување на нивните вештини за вработување преку обуки и практикантска работа, препознавање на способностите на лицата со попреченост и нивно правилно насочување, поддршка на лицата со попреченост да започнат сопствен бизнис, зголемување на свеста кај јавниот и приватниот сектор за потенцијалите на лицата со попреченост.

Времетраење на проектот: август 2012 – август 2016 година.
Како завршна активност во рамките на проектот беше реализирана јавна дискусија на тема: „Правната заштита на лицата со попреченост во областа на работните односи, образованието, социјалната и здраствената заштита - Што граѓаните треба да знаат?"

Единицата за локална самоуправа Велес како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење во Општина Велес. Во континуитет ги следи сите актуелни состојби, законски измени и дополнувања, иницира акции и ги имплементира работните обврски за родова рамноправност со сопствени средства од Буџетот на општината. Поддржува активности и ја инкорпорира родовата рамноправност преку реализација на Оперативниот план за еднакви можности и годишните програми.

Во соработка со граѓански организации преку реализација на партнерски проекти, Општина Велес од Буџетот за 2016 година има трансферирано 160.000 денари за промовирање и реализирање активности за родова рамноправност.

Во 2016 година Општина Велес делегираше надлежност за спроведување на Активности по Оперативен план за Родова еднаквост за 2016 година на Организација на жени - Велес со предвидени и реализирани 150.000,00 денари.

Во рамките на активностите реализирани се низа проектни активности во вид на советувалишта, едукативни трибини и работилници. Поддржани се национални кампањи за справување со дискриминација и семејно насилство, еднакви можности и човекови права. Дистрибуирани се едукативни флаери и беџови за кампањи во повеќе ограноци на здружението во рурални средини во општината.

Исто така Општина Велес ја поддржа реализацијата на проектите:

- Женски капацитети;
- Заедно под исто небо;
- Охрабри се изборот е твој.

Покрај подготовката на ЛАПЛИ, она што ја обележа 2016 година во областа на социјалната заштита е и усвојување на Стратегија за стари лица „Трето животно

доба". Стратешки документ со временска рамка 2017-2021 година, кој ќе се имплементира преку проекти, планови и програми на Општина Велес се со цел да се подобри квалитетот на живот на старите лица. Во оваа насока значајно место зазема и отворањето на дневниот центар за стари лица во Башино Село.

Во соработка со Здружението на пензионери дадена е поддршка на манифестации организирани за оваа категорија граѓани, и бесплатен јавен превоз за пензионерите еднаш во неделата. Предвидени 150.000 денари, целосно се реализирани.

Процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2016 година изнесува 56,77%. Ова не значи дека активностите предвидени со Програмата не се реализирани. Напротив, ова се должи на претежно волонтерската и доброволна работа на граѓанскиот сектор, општинската администрација и поединци.

### 3.10. Н – Образование

Прогамата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2016 година е димензионирана на 372.335.900 денари. Најголем дел од овие средства се средства што ги трансферира Министерството за образование на име блок-дотации за средното и основното образование и тоа во износ од 327.333.000 денари.

Од Буџетот на општината за активностите од оваа Програма одделени се димензионирани на 6.830.000 денари.

Програмата за образование за 2016 година содржи активности, поддршка на проекти, инвестиции, тековни работи и трансфер на средства. Овие поглавја опфаќаат: Прогласување на најдоби наставници во средно и основно образование и одделенска настава,
реализирање партнерски проекти со училиштата и граѓанските организации од областа на образованието, интервенции во училишните и спортски објекти и набавка на опрема во основните и средни училишта и тн.

Со оваа Програма дадена е поддршка на талентираните ученици за учество на меѓународни натпревари и саемски манифестации.

Во областа на образованието во извештајниот период извршена е: доградба на училишната зграда во с. Сливник, реконструирана е фасадата на ССОУ „Коле Неделковски". Во истото училиште извршено е осовременување на спортската сала со вградување систем за ладење и греење, термоизолација и вентилација. Во објектот на Гимназијата „Кочо Рацин" и ССОУ „Димитрија Чуповски" извршено е реновирање на ентериетот на училиштето. Во ООУ „Блаже Конески" заменети се прозорите на 14 училници, во ООУ „Св. Кирил и Методиј" набавен е нов котел за топловодното греење.

Во зградата на училиштата „Благој Кирков" и „ЈХК Џинот" завршен е проектот за енергетска ефикасност финансиран од Јапонската влада. Во ученичкиот дом „Лазар Лазаревски" во 2016 година се реконструираа терасите на спалните соби и се набавија нови душеци. Со проектот МИО беа опфатени сите училишта во Општина Велес со што се овозможи изградба на летна училница во дворот на ООУ „Рајко Жинзифов".

Што се однесува до едукацијата на учениците преку средства од различни програми одржани се трибини за заштита од преносливи болести, правилна исхрана и превенција од болести од зависности.

Следејќи ги основните цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2016 година - обезбедување активен однос

кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во Програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Денот на Европа, Детските Рацинови средби, зачленувањето на првачињата во Светската детска организација и тн.

Општина Велес во 2016 година преку Програмата за образование и Програмата за меѓународна соработка, а со поддршка на меѓународната заедница се конкретизира соработката на Општина Велес со збратимената општина Шербур Октавиљ од Долна Нормандија, Република Фрамција. И оваа година сите училишта беа вклучени во акциите за пошумување, „Македонија без отпат“, проектите за меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем, „Отворете ги прозорците“ – проект за работа со деца со посебни образовни потреби и користење на асистивна технологија, „инклузивно образование“ и уште многу други во кои покрај учениците вклучени се и наставниот кадар, педогошко-психолошките служби и родителите се со цел да се подобри и осовремени образовниот процес.

Во поддршката на образованието спаѓа и доделувањето на стипендии на талентирани ученици и студенти, како и средствата во висина од 224.800 денари трансферирани до граѓански организации од областа на образованието.

Активностите во Програмата за образование во 2016 година реализирани се во процент од 43%. Процентот на потрошени средства не ја отсликува реалната слика на вложените средства во оваа област затоа што активностите во областа на образованието се многу поголеми од планираните Ова се должи на реализирани проекти финансиски поддржани од Владата на Република Македонија и бројни домашни и меѓународни асоцијации и фондации.

По барање на граѓаните се изврши организација промена на ПУ во Превалец. Од ПУ на ООУ Рајко Жинзифов“ доби статус на втор училишен објект на ООУ „Васил Главинов“.

## 3.11. Т-ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2016 година е димензионирана на 5.510.000 денари

Средствата во Програмата се распределени на:

- Превентивна здравствена;
- Општи мерки за заштита на населението од заразни болести;
- Промоција и едукација;
- Меѓуинституционална соработка;
- Бездомни животни

Во делот на превентивната здравствена заштита извршени се редовни санитарни и здравствени прегледи како на вработените во образованието, така и на вработените во општинската администрација и ТППЕ. И оваа година е поддржан проектот на ЗРГЗП за рехабилитација на деца од Велес.

Во делот на преземени мерки за здравствената заштита извршена е редовна дератизација на јавно-прометни површини и подземна водоводна инсталација.

Пролетната дератизација извршена е во март 2016 година, а есенската септември/октомври 2016 година. На 21 јуни извршена е ларвицидна дезинсекција. Извршени се три авионски прскања за заштита од комарци (23.05.2016 година, 29.06.2016 година и 30.07.2016 година), за кои Општина Велес има предвидени 1.500.000 денари и реализирани 1.500.000,00 денари.

Од предвидени 300.000 денари за дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината, реализирани се 300.000,00 денари.

Исто така остварена е соработка со граѓанскиот сектор општината даде поддршка на Здружение за заштита на животните „Гласот на животните" за реализација на тековни активности во делот на грижа на бездомни животни.

Општината даде поддршка и се вклучи во обележувањето на Светскиот ден за хигиена на рацете во соработка со Министерство за здравство и канцеларијата на СЗО во Македонија, Институтот за јавно здравје, Медицинскиот факултет од Скопје и ЦРИС Студиориум.

Во овој дел на Меѓуинституционална соработка значајно е да се спомене: Општината и Советот за јавно здравје, во соработка со Министерството за здравство и Светската здравствена организација, земаа активно учество во реализацијата на регионалната работилница *„Заедно за здравјето на сите до 2020 година" - зајакнување на интерсекторската соработка на локално ниво за здравје и благосостојба*. Со цел утврдување на можностите за зајакнување на процесот на интерсекторската соработка за здравје и благосостојба на локално ниво, како и на улогата на сите заинтересираните страни што работат на локално ниво во дефинирањето и примената на националните политики за здравје и благосостојба, како и во постигнување на Целите за одржлив развој (ЦОР) на Агендата 2030 на Обединетите Нации.

Во 2016 година Советот за јавно здравје во соработка со Центарот за јавно здравје Велес, како јавна здравствена установа која директно се занимава со јавното здравје, изготви предлог акционен план за унапредување на превентивната здравствена заштита. Согласно акциониот план во делот – Здравствена едукација на целни групи одржани се предавања со презентации во сите општински основни и средни училишта на темити:

- Социјалните медиуми и нивните ефекти врз младината
- Сексуално преносливи инфекции
- Со физичка активност до поздрав живот
- Правилна исхрана на младите луѓе и здравствените ризици од неправилната исхрана
- СИДА

Дел од меѓуинституционалната соработка е и проектот ***Рурален докт ор.*** Проект ***Рурален докт ор***

Цел на проектот: Унапредување на здравствената заштита на жителите од руралните средини, давање на здравствени услуги од примарно ниво во сите населени места кои немаат рурални амбуланти, можност на постарото население за добивање здравствени услуги.

19 села во Велешко ги посетува доктор со медицинска сестра. Покрај редовните лекарски прегледи се проверува нивото на шеќер во крвта, крвниот притисок, посетени се и тешко подвижни и неподвижни луѓе кои се физички спречени да одат на лекар.

Времетраење на проектот: септември 2015 година континуирано.

Организации кои го спроведуваат проектот: ЈЗУ Здравен дом – Велес, Општина Велес.

Во соработка со ОО Црвен крст со кој Општина Велес потпиша меморандум за соработка во периодот на летните горештини беа организирани пунктови низ градот за делење вода на граѓаните и укажување на медицинска помош, како и помош во дотур на храна и лекови за време со ниски температури, организирана крводарителска акција по повод 9 – ти Ноември Ден на Општина Велес, доделена помош во рамките на обележување на Светскиот ден на гладта.

Процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во обласа на здравствената заштита за 2016 година изнесува 50,16 %. Ова не значи дека активностите предвидени со Програмата не се реализирани. Напротив, ова се должи на претежно волонтерската и доброволна работа на граѓанскиот сектор, општинската администрација и поединци.

**3.12. W – Противпожарна заштита**

Со реализацијата на процесот на децентрализацијата во јули 2005 година и новите надлежности на локалната власт, работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес презеде вкупно 25 пожарникари,а во текот на 2016 година се пензионирани шест лица.

Во согласност со Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ“ бр.67/04. 55/13), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес. Но поради недостаток на средства од наменската дотација дел од платите се финансираат и од основниот Буџет на Општина Велес.

Противпожарната заштита е реализирана со 71,02 %,од кои за плати и надоместоци од плати се реализирани 9.879.215 денари односно 63,11%, додека за стоки и услуги (комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, поправки и редовно одржување на возилата, регистрација на возилата), или 919.724 денари односно 8,27 % од вкупно реализираните средства..

Во текот на 2016 година за набавка на опрема се потрошени се 268.047 денари Извршена е набавка на дел од потребната униформа и заштитна опрема на пожарникарите потребна при гаснење на пожар, а вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидат подготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интервенција се сервисираат. Во текот на 2016 година имаат 274 интервенции.Меѓутоа, и покрај се, вработените во ТППЕ Велес успеваат успешно да ги извршуваат своите работни обврски.

**4. Детален извештај за трошење на буџетската резерва**

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма А0 -

Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 1.850.000 и програма Д0-Градоначалник,ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 830.000 денари, во 2016 година вкупно се потрошени 1.915.000 денари и тоа 1.330.000,00 од програма А0-Совет на општина Велес и 585.000 од програма-Д0-Градоначалник.

- **Тековни резерви**

**Програма А0-Совет на Општина**

1.Исплатени 210.000 на име помош поради пожар на куќи на следниве лица:

| | |
|---|---|
| Јовановски Македонски | 70.000 денари |
| Гуцева Марика | 70.000 денари |
| Александров Николче | 70.000 денари |

2. Еднократен надомест од 10.000ден. на Ѓорѓиев Тодорче за покривање на трошоци за учество на планинарска експедиција за искачување на Килиманџаро.
3. Исплатени 1.000.000 ден. на општина Гази Баба за покривање на дел од трошоците за елементарна непогода од поплава.
4. Исплатено 30.000 ден. на на Здружение на спортски риболовци-Бабуна за учество на двајца членови на светското првенство во риболов во Пловдив.
5. Исплатени 50.000 ден.на Малинов Горан за лекување.
6. Исплатени 30.000 ден. на Кајакарска федерација на диви води во Македонија за учество на европско првенство во кајак.

.

Вкупно од Програмата А0- Совет на Општина од контото 413110-Тековни резерви (разновидни трошоци) се потрошени вкупно **1.330.000,00** денари.

**Програма Д0-градоначалник**

**Исплата за смрт на член на потесно семејство**

| Реден број | Име и презиме | Смрт на член на потесно семејство |
|---|---|---|
| 1. | Љупче Андреевски | 15.000,00 |
| 2. | Боро Ристевски | 15.000,00 |
| 3. | Ване Бинов | 15.000,00 |
| 4. | Вера Пљакова | 15.000,00 |
| 5. | Јордан Ѓорѓиев | 15.000,00 |
| 6. | Зоран Стојанов | 15.000,00 |
| 7. | Лазар Стојанов | 15.000,00 |
| 8. | Данчо Темелков | 15.000,00 |
| 9. | Гоце Алексовски | 15.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Богданка Дукова | 15.000,00 |
| 11. | Билјана Ш.Манаскова | 15.000,00 |
| 12. | Јованче Манасков | 15.000,00 |
| 13. | Антонио Камев | 15.000,00 |
| 14. | Нада Јованова | 15.000,00 |
| 15. | Снежана Иванова | 15.000,00 |
| 16. | Павлина Хараламписва | 15.000,00 |
| 17. | Методи Јованов | 15.000,00 |
| 18. | Ангелина Мачавелова | 15.000,00 |
| 19. | Трајче Тепев | 15.000,00 |
| 20. | Илија Саздов | 15.000,00 |
| 21 | Златко Кајшаров | 15.000,00 |
| 22. | Тодорка Маџарова | 15.000,00 |
| 23. | Благојка Јосифовска | 15.000,00 |
| 24. | Благој Калаузаров | 15.000,00 |
| 25. | Невенка Петрушевска | 15.000,00 |
| 26. | Панче Иванов | 15.000,00 |
| 27. | Цветанка Иванова | 15.000,00 |
| 28. | Родна Трајковска | 15.000,00 |
| 29. | Јасминка Мијакова | 15.000,00 |
| 30. | Ацо Петрушевски | 15.000,00 |
| 31. | Костадинка Атанасова | 15.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **21 465.000** |

**Исплата за смрт на вработен**

| Реден број | Име и презиме | Смрт на вработен |
|---|---|---|
| 1. | Дејан Петрески | 30.000 |
| 2. | Јордан Матев | 30.000 |
| 3. | Тодор Димов | 30.000 |
| | Атмије Пајазитова | 30.000 |
| | **ВКУПНО** | **120.000,00** |

Од тековни резерви програма До- Градоначалник од контото 413110-Тековни резерви(разновидни расходи) - за смрт на член на потесно семејство и за смрт на вработени во буџетските установи се исплатени вкупно 585.000,00 денари.

# Изјава од одговорен сметководител

Општина Велес води целосна и комплетирана , навремена , ажурна и хронолошка сметководствена евиденција на сите книговодствени настани.

Признавањето на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведува според начелото на парично искажување.

Целокупното финансово материјално работење за деловната 2016 година е засновано на веродостојни документи – влезни и излезни кои се предмет на книжење на главната книга .

Одделните расходни ставки кои се поминати преку трезорската книга се засновани на спецификации и договори согласно законот за јавни набавки.

Сите извештаи согласно законските прописи се потполни , точни и навремено доставени до надлежните институции.

Општина Велес
Одговорен сметководител

Оливера Чанева